# Извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција

(јануари-јуни 2020)

Автори: Мартина Илиевска, Миша Поповиќ



ПЛАТФОРМА
на граѓански организации
за борба против корупцијата

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Проектот „Набљудување на успешноста на работата на Државната комисија
за заштита од корупција“ е финансиран од Фондацијата Отворено општество - Македонија.
Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се
смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество- Македонија.

# Импресум

Наслов: Извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција (јануари-јуни 2020)

Автори: Мартина Илиевска, Миша Поповиќ

Издавач: Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

Дизајн: Матеа Лондза Шумковска

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
http://www.idscs.org.mk

Проектот „Набљудување на успешноста на работата на Државната комисија за заштита од корупција“ е финансиран од Фондација Отворено општество - Македонија.
Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација Отворено општество - Македонија.

**CIP - Каталогизација во публикација**
**Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје**

005.584.1:[35.072.2:343.352(497.7)"2020*01/*06"(047.31)
ИЛИЕВСКА, Мартина
Извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција : (јануари-јуни
2020) / автор Мартина Илиевска, Миша Поповиќ. - Скопје : Институт за демократија
Социетас Цивилис - (ИДСЦС), 2020. - 26 стр. : табели, граф. прикази ; 30 см
Фусноти кон текстот. - Публикацијата е во рамки на проектот: "Набљудување на
успешноста на работата на Државната комисија за заштита од корупција". -
Библиографија: стр. 24
ISBN 978-608-4775-99-7
1. Поповиќ, Миша [автор]
а) Државна комисија за спречување на корупција -- Мониторинг на работењето --
Македонија -- 2020*01/*06 -- Истражувања
COBISS.MK-ID 52632325

# Содржина


Резиме 4

Работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во првата година од новиот состав 5

Мрежа на ранливи области 6

Анализа на резултатите добиени од мониторингот 10

Методолошки пристап 18

Листа на скратеници 23

Библиографија 26

# Резиме

Структурираното следење на Државната комисија за спречување на корупцијата дава слика за напредокот во работењето на новиот состав на комисијата, која работи во рамките на нејзините надлежности поврзани со процесите на креирање политики, следење и надзор, како и соработка со други државни органи заради спречување на корупцијата.

Следењето на ДКСК во рамките на проектот се одвива поделено, во две временски фази. Првата фаза е од почетокот на годината, јануари 2020, до средината на календарската година, односно до 30 јуни 2020 година. Втората фаза на следењето ќе биде за втората половина на 2020 година.

Предмет на анализа се одлуките донесени од Државната комисија за спречување на корупцијата во период од јануари до 30 јуни 2020 година. Вкупниот број на анализирани одлуки на Државната комисија за спречување на корупцијата е **N=196.**

**Најголем дел од донесени одлуки се од областа на општите јавни услуги**

Одлуките кои ДКСК ги има донесено во првите месеци на 2020 година најмногу се од областа на **општи јавни услуги 37%**. Општи јавни услуги е област која е најширока и во неа се содржани сите ранливи места од органи на извршните и законодавните органи за кои нема конкретни податоци во одлуката за да се вклучат во некоја од останатите области.

**ДКСК донела најмногу одлуки за постапки од типот вработување**

Во првата половина на 2020, Комисијата донела најмногу одлуки каде што повредите и прекршувањата на правилата се однесуваат на корупција или судир на интереси при **вработување,** кои се речиси половина, односно **46%** од вкупниот број одлуки.

**Во третина од случаите ДКСК немала елементи за да започне постапка.**

Кај речиси една третина од случаите (30%), ДКСК увидела дека нема надлежност или доволно елементи да започне постапка. Кај 51% од случаите каде што е констатиран судир на интереси, тој е отстранет во текот на постапката.

**Најголем дел од постапките се започнати по иницијатива доставена од познат подносител**

Речиси половина од одлуките(49%) се однесуваат на иницијативи кои се започнати од **познат подносител**. Во 26% од одлуките се наведува дека се започнати по иницијатива на непознат подносител. Во анализираниот период 11% од одлуките кои се донесени се однесуваат на постапки кои се започнати по сопствена иницијатива на ДКСК.

**Просечно се потребни девет месеци за цела постапка, од иницијатива до одлука**

Просечниот период од поднесување иницијатива до донесување одлука во последните седници, во првата половина на 2020 година е **9 месеци и 3 дена**. Минималниот број денови за целосна постапка е 29 дена, додека, пак, максималниот забележан во периодот кој е следен е 457 дена.

# Работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во правата година од новиот состав

Државната комисија за спречување на корупцијата во новиот состав функционира повеќе од една година, односно од 8 февруари 2019 година. Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, комисијата е самостојна и независна во вршењето на работите утврдени со закон и има својство на правно лице, составена од претседател и шест члена.[1] ДКСК има низа надлежности и овластувања, кои се поврзани со процеси на креирање политики, следење и надзор, како и соработка со други државни органи со цел спречување на корупцијата. Во рамките на овластувањата комисијата може да покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување или примена на други мерки на одговорност, како и постапка за кривично гонење на избрани, именувани или службени лица во органите на јавната администрација.[2]

Комисијата изготвува годишен извештај за работењето и истиот го доставува до Собранието на Република Северна Македонија. Извештајот ги содржи податоците за активностите кои ги има спроведено ДКСК во првите десет месеци од работењето.

Според податоците содржани во годишниот извештај, со сомнение за повреда на закон, до ДКСК биле доставени 1 172 пријави од различни субјекти (граѓани, организации и институции), а дополнително се отвориле и 245 предмети по сопствена иницијатива. Најголем број пријави се однесувале за сомненија за направени коруптивни дејства 687 пријави од кои 23 предмети биле започнати по сопствена иницијатива. За сомнение за судир на интереси биле започнати 364 постапки од кои 66 биле започнати по сопствена иницијатива. Во текот на изборниот процес се започнати 57 предмети од кои 54 по поднесени пријави и 3 по сопствена иницијатива.

Дополнително, Комисијата работела на проверка на имотната состојба на 220 избрани и именувани лица. Во рамките на своите надлежности, Комисијата спровела и антикорупциска проверка на 8 закони.

Во текот на 2019 година ДКСК била активно вклучена и во изработка на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а истата ја донесе комисијата на седница. Поради политичката криза и распуштање на собранието за предвремените парламентарни избори, стретегијата сè уште не е изласана од стрна на Собранието на Република северна Македонија.[3]

---

[1] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Број на Службен весник: 12/2019 (член 9 и 10 )
[2] Kocevski, G. (2019). Towards accountable and transparent public administration by means of functional oversight institutions. Foundation Open Society – Macedonia.
[3] Државната комисија за спречување на корупцијата , Република Северна Македонија, Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 година, јуни 2020. Пристапено на: https://www.dksk.mk/fileadmin/user_upload/2020/Godishen_izveshta___za_rabotata_na_DKSK_-_2019.pdf (последна посета: 10 јули).

# Матрица на ранливи области

Уште од самиот почеток на работата на новиот состав на ДКСК, тие се соочени со зголемен обем на работа како резултат на пријави. Во голем обем, тоа е позитивен знак на доверба во институцијата и очекување резултати. Меѓутоа, истовремено, тоа е и ризик, бидејќи постои можност ДКСК да биде насочена кон ситни случаи и без време да работи по сопствена иницијатива.

Оттука, Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата разви преглед на ранливи зони од корупција, како предлог-места каде што е потребно да се насочи вниманието на институциите, почнувајќи од ДКСК. Овие ранливи зони, наједноставно кажано се места каде што може да се случи корупција. Како место, локацијата ја одредува областа (пример: здравство) и хоризонталните димензии каде што најчесто се случуваат повреди (во јавните финансии, вработувањето, креирањето правила и во надзорот).

Одредувањето на ранливите зони е направено преку анкетирање на 16 експерти од областа на борбата против корупција. За секоја од областите беше прашано (1) колку е веројатно да се случи корупција, (2) колкава е штетата по општеството доколку се случи, и (3) колкав е општествениот ефект на корупцијата во областите, но за секоја хоризонтална димензија посебно. Сите прашања се скали на оценка од 1 до 10 каде што 10 значи најголема веројатност, и штета, соодветно на прашањата.

Листата на области е преземена од класификацијата на функции на државата, како сеопфатна листа на функции кои ги исполнуваат институциите. Оваа листа во себе содржи 11 широки области, и долга листа на подобласти, што овозможува при анкетирањето да се добијат поспецифични податоци.

При калкулацијата на ранливите зони, се започнува со просечните оценки на експертите за ефектите во секоја област низ перспективата на хоризонталните димензии каде што може да се случи корупцијата. Уште во првата фаза се забележува јасна приоретизација на области – главното место го заземаат ранливи зони во здравството, ингеренциите и односите со приватниот бизнис, заштитата на животната средина, јавниот ред и безбедност (каде што се наоѓа и судството) и општите јавни услуги, каде што се извршните органи без специфична област и законодавниот дом.

Табела 1. **Просечни оценки на штетата од корупција - пресек помеѓу области и хоризонтални димензии**

| | Влијание врз регулатива | Јавни финансии | Вработување | Надзор |
|---|---|---|---|---|
| **Општи јавни услуги** | 7.1 | 8.6 | 7.9 | 7.1 |
| **Одбрана** | 5.3 | 6.6 | 6.6 | 5.9 |
| **Јавен ред и безбедност** | 6.6 | 7.4 | 7.7 | 7.1 |
| **Економски активности** | 7.9 | 8.8 | 7.9 | 8.1 |
| **Заштита на животната средина** | 7.7 | 8.0 | 6.8 | 8.3 |
| **Домување и комунални погодности** | 5.5 | 6.5 | 5.4 | 6.3 |
| **Здравство** | 7.0 | 8.7 | 8.3 | 7.8 |
| **Рекреација, култура и религија** | 5.2 | 6.4 | 6.1 | 5.3 |
| **Образование** | 6.5 | 6.8 | 8.4 | 6.5 |
| **Социјална заштита** | 5.9 | 6.9 | 7.0 | 6.3 |

Меѓутоа, земајќи предвид дека зборуваме за широки области, експертите посебно ги оценуваа веројатноста за појава на корупција и општествената штета на ниво на подобласти. Сумирано на ниво на области, оценките покажуваат слична состојба како претходната мапа на ранливи зони. Разликата се јавува кај областите јавен ред и безбедност (поради судството) и заштитата на животна средина, поради големата штета која во таа област може да биде предизвикана со само еден случај.

Табела 2. Веројатност за појава на корупција и претпоставена штета

| | Штета | Веројатност |
|---|---|---|
| **Општи јавни услуги** | 7.4 | 7.1 |
| **Одбрана** | 5.4 | 4.9 |
| **Јавен ред и безбедност** | 8.2 | 7.8 |
| **Економски активности** | 7.9 | 7.7 |
| **Заштита на животната средина** | 8.2 | 7.5 |
| **Домување  и комунални погодности** | 7.0 | 6.9 |
| **Здравство** | 8.5 | 8.2 |
| **Рекреација, култура и религија** | 6.0 | 6.5 |
| **Образование** | 6.5 | 6.0 |
| **Социјална заштита** | 6.1 | 6.1 |

Финалната фаза во конструирањето на матрицата од ранливите зони е комбинирањето на претходните две етапи. Така, факторите на штетност и веројатност се множат со вредностите од табела 1 за да се додадат како аспекти на калкулацијата на ранливост. Конечната матрица е прикажана подолу, а вредностите се заменети со нивниот ранг заради поголема прегледност.

Табела 3. Матрица на ранливи зони (вредностите се ранг на финалните скорови на ранливост)

| Рангирање | Влијание врз регулатива | Јавни финансии | Вработување | Надзор |
|---|---|---|---|---|
| Општи јавни услуги | 20 | 15 | 18 | 19 |
| Одбрана | 40 | 37 | 37 | 39 |
| Јавен ред и безбедност | 16 | 13 | 6 | 14 |
| Економски активности | 10 | 4 | 10 | 8 |
| Заштита на животната средина | 12 | 6 | 17 | 5 |
| Домување и комунални погодности | 24 | 22 | 26 | 23 |
| Здравство | 9 | 1 | 2 | 3 |
| Рекреација, култура и религија | 36 | 31 | 32 | 35 |
| Образование | 29 | 24 | 21 | 29 |
| Социјална заштита | 34 | 28 | 27 | 33 |

Според анализата на експертите, првите три најранливи зони се финансиите, вработувањето и надзорот во здравството. Управувањето со финансии во односот кон приватниот бизнис е четвртата важна зона на ранливост, особено имајќи ја предвид државната помош која се доделува овој период. Потоа следи надзорот во заштитата на животната средина како ранлива зона, а веднаш потоа е вработувањето во органите на јавен ред и безбедност (вклучувајќи го и судството).

Имајќи ја предвид оваа матрица на ранливост, ДКСК треба да ја насочи својата работа во овие зони, односно да одвои ресурси за да направи проби и анализи во одредени институции од овие области. Со тоа, ДКСК ќе ја зголеми работата по сопствена иницијатива.

# Анализа на резултатите добиени од мониторингот

**Најголем дел од донесените одлуки се од областа на општите јавни услуги**

Одлуките кои ДКСК ги има донесено во првите месеци на 2020 година најмногу се од областа на **општи јавни услуги**[4] **37%**, од нив најголем број се поведени од сомнение дека повредата се случила во некој од **извршните и законодавните органи**[5] 90%.

Најголем број од случаите од областа општи јавни услуги се однесуваат на постапки при вработување и на редовната проверка на ДКСК на анкетните листови за имотната состојба на носители на јавни функции.

По 19% од донесените одлуки се од областите **образование** и областа **јавен ред и безбедност**[6], а 11% се однесуваат на областа **економски активности**[7].

Во првите пет анализирани месеци од 2020 година, ниту една од донесените одлуки на ДКСК не се однесува на областите одбрана и заштита на животна средина.

Детален преглед, според областа на одлуките донесени од ДКСК кои се предмет на анализа, е прикажан во графикон 1.

Графикон 1. **Области на донесените одлуки на ДКСК**




[4] Во подобласта **„извршни и законодавни органи“** влегуваат повеќе органи на извршните и законодавните органи како канцеларии на сите нивоа на власта, советодавен, административен и политички персонал за кој нема експлицитни податоци во одуката на ДКСК и не може да се вклучат во конкретни области.
[5] Под „извршни и законодавни органи“ се подразбираат сите институции кои се дел од извршната или законодавната власт на државата
[6] Полициски услуги - управување со полициски работи и услуги; услуги за заштита од пожар; судови, обвинителства, затвори.
[7] Институции кои се занимаваат со земјоделство, шумарство, лов и риболов, гориво и енергија, рударство, производство и градежништво, транспорт, комуникација, грантови, заеми , субвенции, трговски увоз и извоз.

**<u>Образованието - подложно на сомнеж за корупција и судир на интереси, во сите нивоа</u>**

Согласно промената на методологијата за следење на работата на ДКСК, додадена е зависна варијабла „подобласт“, којашто подетално посочува каде во самата област потенцијално се случила повреда.

Мониторингот покажа дека најголем дел од пријавите се во подобласта **извршни и законодавни органи**- 34% од вкупниот број донесени одлуки.

Во областа Јавен ред и мир се забележуваат одлуки во две од четирите подобласти, **полициски услуги**[8] - 5% и судови -14% од вкупната бројка на донесени одлуки.

Според добиените резултати може да се увиди дека во образованието има сомнежи за корупција и судир на интереси на сите нивоа, бидејќи се започнати постапки и се донесени одлуки за сите степени на образование.

Од вкупната бројка донесени одлуки, по 6% се однесуваат за подобластите, предучилишно и основно образование, средно образование и високо образование, додека, пак, 2% се однесуваат за средно стручно и вишо специјалистичко образование.

Детален преглед, според подобластите на одлуките донесени од ДКСК кои се предмет на анализа, е прикажан во графикон 2.

**Графикон 2. Подобласти на донесените одлуки на ДКСК**




---

[8] Под **„полициски услуги“** се подразбираат следниве активности: услуги, вклучувајќи и регистрација на илегални емигранти, одржување податоци што се однесуваат на работата на полицијата, регулација и контрола на патен сообраќај, превенција од криумчарење и контрола.

Вкрстен приказ на резултатите кои се предмет на анализа според област и по подобласт, е прикажан во табела 4.

Табела 4. **Вкрстен приказ на областите и подобластите**

| **Општи јавни Услуги** | **Извршни и законодавни органи [66 одлуки]** | **Финансиски и фискални работи [6 одлуки]** | **Надворешни работи** | **Странска економска помош** | **Трансакции на јавен долг** | **Трансфери од општ вид меѓу различни нивоа на власт** | **Други неспоменати области** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одбрана** | Воена одбрана | Цивилна одбрана | Странска воена помош | | | | |
| **Јавен ред и безбедност** | Полициски услуги **[10 одлуки]** | Заштита од пожари | Судови **[27 одлуки]** | Затвори | | | |
| **Економски активности** | Општи економски активности | Земјоделство, шумарство, лов и Риболов | Гориво и енергија | Рударство, производство и градежништво | Транспорт | Комуникации | |
| **Заштита на животната средина** | Управување со смет | Управување со отпадни води | Намалување загаденост | Заштита на биолошка разноликост | | | |
| **Домување, комунални погодности** | Развој на домување **[2- одлуки]** | Развој на заедницата | Снабдување со вода | Улично осветлување | | | |
| **Здравство** | Медицински производи, апарати и опрема | Болнички услуги за надворешни пациенти | Болнички услуги | Јавни здравствени услуги **[14 одлуки]** | | | |
| **Рекреација, култура религија** | Услуги за рекреација и спортување | Услуги од културата **[3 одлуки]** | Услуги за емитување и издавање **[1 одлуки]** | Верски и други услуги на заедницата | | | |
| **Образование** | Предучилишно и основно образование **[12 - одлуки]** | Средно образование **[11 одлуки]** | Средно стручно и вишо специја-листичко **[4 одлуки]** | Високо образование **[11 одлуки]** | | | |
| **Социјална заштита** | Болести и инвалидитет | Старост **[1одлука]** | Заштита на лица на работ на егзистенција | Семејство и деца **[1 одлука]** | Невработеност | Домаќинства | Друго социјално исклучување **[1 одлука]** |
| **Други неспоменати функции на централна и локална власт** | Други функции **[2 одлуки]** | | | | | | |

**Речиси половина од донесените одлуки се однесуваат за постапки поврзани со вработување или работни односи**

Комисијата во првата половина на 2020 година, најмногу одлуки донела за постапки поврзани со корупција или судир на интереси при вработување кои се речиси половина, односно **46%** од вкупниот број одлуки. Мониторингот на институцијата во 2019 година, исто така покажа дека најчесто одлуките се за проблеми поврзани со вработување, односно помеѓу март и септември 42% биле поврзани со вработување, а 46% во последните три месеци од минатата година.

Преостанатите одлуки се однесуваат на постапки кои се поврзани со јавните финансии 13%, како и злоупотреба/повреда на основната функција на институцијата 13%.

Детален преглед според тип повреди во одлуките донесени од ДКСК кои се предмет на анализа даден е во графикон 3. (податоците се прикажани во %)

Графикон 3. **Преглед според тип повреди во одлуките донесени од ДКСК (изразени во %)**



**<u>Државната комисија во 7% од случаите има утврдено неправилности и прекршување закон</u>**

Комисијата во текот на постапката (од почнување на иницијатива до донесување одлука) може да побара податоци од други надлежни институции во текот на постапката и/или да се обрати до лицето или институцијата за кој/а е започната иницијативата. Во текот на целиот процес во 30% од иницијативите ДКСК увидела дека нема надлежност, кај 17% дека нема доволно елементи за да започне постапка, а во 13% од случаите увидела дека веќе постапила друга надлежна институција.

Кога се работи за судир на интереси, во текот на постапката комисијата може да побара од лицето да го отстрани судирот по што ја прекинува постапката. Тоа се случило во 5% од постапките во првата половина на 2020 година.

Во само 7% од случаите кои се предмет на анализа е утврдено дека има прекршување на законот, а во 5% е издаден прекршочен платен налог поради недостаток или недоследности во доставениот задолжителен анкетен прашалник за сите носители на јавни функции.

Детален преглед според статусот на донесената одлука во одлуките донесени од ДКСК кои се предмет на анализа, даден е во графикон 4. (податоците се прикажани во %)

Графикон4. **Преглед според статусот на донесената одлука во одлуките донесени од ДКСК (прикажани во %)**



**<u>Најмногу потврдени повреди на закон се во областите економски активности и во образованието</u>**

Доколку се направи споредбата на областите и статусот на донесената одлука ќе се увиди дека е утврдена повреда во четири области, во по 5 случаи од областите економски активности и образование, во еден случај од областа општи јавни услуги и во два случаи од областа јавен ред и безбедност.

Комисијата, исто така, утврдила дека во 26 од отворените постапки веќе постапила друга институција (пред или за време на постапката на ДКСК). Веќе постапувале или постапиле други надлежни институции во 10 случаи од областа на општите јавни услуги, 8 од областа јавен ред и безбедност и во 4 од областа образование.

Детален преглед според бројот на одлуки, споредба на областа и статусот на одлуките донесени од ДКСК кои се предмет на анализа, е прикажан во табела 5 (податоците се прикажани со број на случаи)

Табела 5.

| Област и статус | | СТАТУС | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | НЕМА ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПКА | ОТФРЛЕНО / ОДБИЕНО | ПОТВРДЕНО / УСВОЕН НАТАМОШНА ПОСТАПКА | ПРОМЕНА НА ФАКТИЧКА СОСТОЈБА | НЕМА НАДЛЕЖНОСТ | НЕМА КОРУПЦИЈА / СУДИР НА ИНЕРЕС | ПРЕКРШОЧНА | НИШТОВНА | ЈАВНА ОПОМЕНА | БЕСПРЕДМЕТНО | ЗАСТАРЕНО | ОТСТРАНЕТ Е СУДИРОТ НА ИНТЕРЕС | ПОСТАПЕНО ОД ДРУГА ИНСТИТУЦИЈА |
| ОБЛАСТ | ОПШТИ ЈАВНИ УСЛУГИ | 18 | 2 | 1 | 3 | 10 | 18 | 7 | | | 1 | | 3 | 10 |
| | ОДБРАНА | | | | | | | | | | | | | |
| | ЈАВЕН РЕД И БЕЗБЕДНОСТ | 5 | | 2 | 1 | 8 | 12 | | 2 | | | 1 | | 8 |
| | ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ | 3 | | 5 | 1 | 1 | 6 | | | | | 1 | 2 | 3 |
| | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | | | | | | | | | | | | | |
| | ДОМУВАЊЕ И КОМУНАЛНИ ПОГОДНОСТИ | | | | | 1 | 1 | | | | | | | |
| | ЗДРАВСТВО | 1 | | | 1 | | 7 | 2 | | | | 1 | 2 | |
| | РЕКРЕАЦИЈА, КУЛТУРА И РЕЛИГИЈА | 1 | | | | 1 | | | | | | | 1 | 1 |
| | ОБРАЗОВАНИЕ | 6 | | 5 | 2 | 2 | 11 | 1 | 2 | | 1 | 2 | 2 | 4 |
| | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | | 1 | | | 1 | 1 | | | | | | | |
| | ДРУГО | 1 | | | | | 2 | | | | | | | |

**Речиси половина од одлуките донесени во првата половина на 2020 се започнати по иницијатива на познат подносител**

Речиси половина (49%) од одлуките кои се предмет на анализа во периодот, се однесуваат на иницијативи кои се започнати поради поднесок од познат подносител. Во 26% од одлуките се наведува дека се започнати на иницијатива на непознат подносител и подносител кој анонимно ја поднел иницијативата 13%.

Во 11% од случаите комисијата започнала да работи на случи по сопствена иницијатива.

Детален преглед според иницијаторот на постапките на ДКСК кои се предмет на анализа е даден во графикон 5.

Графикон5. **Преглед според иницијаторот на постапките на ДКСК (податоците се прикажани во %)**



**<u>На ДКСК во просек и биле потребни девет месеци и три дена од почнување постапка до донесување одлука</u>**

Просечниот период од поднесување иницијатива до донесување на одлука во првата половина на 2020 година е 9 месеци и 3 дена. Минималниот број денови за целосна постапка е 29 дена, додека, пак, максималниот забележан во периодот кој е следен е 457 дена.

Во овој период е опфатена подготвителна постапка за увидување дали има елементи за постапка, процесни дејствија во текот на постапката за утврдување на фактичката состојба и носење на одлуката на јавна седница на ДКСК.

Детален преглед на деновите за донесување на одлуките од ДКСК кои се предмет на анализа даден е во графикон 6. (податоците се прикажани во %)

Графикон 6. **Преглед на деновите за донесување на одлуките од ДКСК (податоците се прикажани во %)**




Mean 273.67 Minimum 29.00 Maximum 457.00

# Методолошки пристап

Главната цел на мониторингот на работењето на Државната комисија за спречување на корупцијата се неколку главни компоненти. Првата е преку континуирано и структурирано следење да се увиди напредокот на комисијата, што ќе биде и основа за давање препораки за рангирање на приоритети на работењето и последната е давање фокус на ранливите категории.

Моменталниот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата работи една година во рамките на нејзините надлежности кои се поврзани со процесите на креирање политики, следење и надзор, како и соработка со други државни органи заради спречување на корупцијата.

Одлуките кои ги носи Државната комисија за спречување на корупцијата се основа за мониторирање на работењето на институцијата. Следењето на ДКСК во рамките на проектот се одвива поделено, во две временски фази. Првата фаза е од почетокот на годината, јануари 2020, до средината на календарската година, односно до јуни 2020 година. Втората фаза на следењето ќе биде за втората половина на 2020 година.

Податоците на кои се потпира извештајот се прибирани од веб-страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата и претставуваат јавно достапни информации. Анализирани се одлуките донесени од ДКСК во периодот од јануари до јуни 2020 година на 5 одржани седници.

**Опис на примерок на анализа:**

Предмет на анализа се одлуките донесени од Државната комисија за спречување на корупцијата во период од јануари до 30 јуни 2020 година. Вкупниот број анализирани одлуки на Државната комисија за спречување на корупцијата е **N=196.**

# Опис на варијабли

Одлуките се анализирани според областа во која имало намери за корупција или судир на интереси, типови прекршување, статус на постапката (што е одлучено од страна на ДКСК) кој ја иницирал постапката пред ДКСК и времетраењето на целата постапка. Детален преглед на варијаблите кои се предмет на анализа е даден во табелите од број 6 до број 10.

## Табела 6 - области

| ОПШТИ ЈАВНИ УСЛУГИ | ОДБРАНА | ЈАВЕН РЕД И БЕЗБЕДНОСТ | ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | ДОМУВАЊЕ И КОМУНАЛНИ ПОГОДНОСТИ | ЗДРАВСТВО | РЕКРЕАЦИЈА, КУЛТУРА И РЕЛИГИЈА | ОБРАЗОВАНИЕ | СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | ДРУГИ НЕСПОМЕНАТИ ФУНКЦИИ НА ЦЕНТРАЛНА И ЛОКАЛНА ВЛАСТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

## Табела 7 - подобласти

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извршни и законодавни органи | Воена одбрана | Полициски услуги | Општи економски активности | Управување со смет | Развој на домување | Медицински производи, апарати и опрема | Услуги за рекреација и спортување | Предучилишно и основно образование | Болести и инвалидитет | |
| Финансиски и фискални работи | Цивилна одбрана | Заштита од пожари | Земјоделство, шумарство, лов и риболов | Управување со отпадни води | Развој на заедницата | Болнички услуги за надворешни пациенти | Услуги од културата | Средно образование | Старост | |
| Надворешни работи | Странска воена помош | Судови | Гориво и енергија | Намалување на загаденост | Снабдување со вода | Болнички услуги | Услуги за емитување и издавање | Средно стручно и вишо специјалистичко | Заштита на лица на работ на егзистенција | |
| Странска економска помош | | Затвори | Рударство, производство и градежништво | Заштита на биолошка разноликост | Улично осветлување | Јавни здравствени услуги | Верски и други услуги на заедницата | Високо образование | Семејство и деца | |
| Трансакции на јавен долг | | | Транспорт | | | | | | Невработеност | |
| Трансфери од општ вид меѓу различни нивоа на власт | | | Комуникации | | | | | | Домаќинства | |
| | | | | | | | | | Друго социјално исклучување | |

| Табела 8 - Тип повреда која е утврдена согласно одлуките донесени од ДКСК | |
|---|---|
| **Влијание врз регулатива** | Случаи каде што се влијае врз креирањето правила, политики или стандарди со цел остварување приватен интерес. |
| **Јавни финансии** | Се подразбираат случаи каде што со цел остварување приватен интерес се злоупотребуваат јавните пари преку јавни набавки, субвенции, откуп и сл. |
| **Вработување** | Се подразбираат случаи каде што приватен интерес се остварува преку вработување, како на пример случаи на клиентелизам, непотизам и patronage. |
| **Надзор** | Се подразбираат случаи каде што приватниот интерес се остварува преку притисок врз структурите за надзор или нивна системска злоупотреба, ослабување или укинување. |
| **Кумулација на функции** | Се подразбираат случаите каде што едно лице извршува или е назначено на две или повеќе функции. |
| **Контрола на интереси и имот** | Анкетни листови, неподнесување, непотполност |
| **Главни функции на институцијата** | Повредата е направена на основната функција на институцијата |
| **Друго** | Тип повреди кои не се претходно опфатени со категоризацијата |

| Табела 8 - Статус на донесената одлука | |
|---|---|
| **Нема доволно податоци/ нема елементи** | Нема доволно податоци и елементи за покренување постапка пред други органи |
| **Отфрлено/одбиено** | Отфрлени и/или одбиени постапки |
| **Потврдена, усвоена, натамошна постапка** | Има потврда за прекршување на законот, предметот е во натамошна постапка |
| **Промена на фактичка состојба** | Во текот на постапката се променила фактичката состојба, постапката е затворена |
| **Нема надлежност** | ДКСК нема надлежност за да преземе мерки |
| **Нема корупција/судир на интерес** | Утврдено е дека нема корупција или судир на интерес |
| **Неосновани, непотврдени** | Неосновани или непотврдени се индициите кои се наведени во поднесената пријава |
| **Прекршочна** | Изречена е мерка, прекршочна пријава и платен налог |
| **Отфрлен** | Случајот е отфрлен од страна на ДКСК |
| **Ништовна** | Постапката е ништовна |
| **Јавна опомена** | Изречена е мерка јавна опомена |
| **Беспредметно** | Утврдено е дека постапката е беспредметна |
| **Застареност** | Случајот е затворен поради негова застареност |
| **Отстранет е судирот на интерес** | Во текот на постапката на ДКСК е направена промена и е отстранет судирот на интерес |
| **Постапено од друга институција** | Во тек е постапка или е постапено од друга институција за истиот случај/сомнеж. |

| Табела 10 – Иницирање постапка | |
|---|---|
| **Сопствена иницијатива** | Постапката е почната по иницијатива на ДКСК |
| **Анонимен подносител** | Пријавата е доставена од анонимен подносител |
| **Познат подносител** | Пријавата е доставена од познат подносител |
| **Сознанија од медиуми** | Постапката е почната по допрен глас од медиуми |
| **Електронска пошта** | Пријавата е добиена по електронска пошта |
| **Службена должност** | Постапката е почната по службена должност на ДКСК |
| **Непознат подносител** | Пријавата е доставена од непознат подносител |
| **Политичка партија** | Пријавата е доставена од непознат подносител |
| **Нема информации** | Нема информации во одлуките како е иницирана постапката |
| **Активност на ДКСК** | Дел е од планираните (годишни) активности на ДКСК |

# Листа на скратеници

Државна комисија за спречување корупција - ДКСК

Антикорупциска проверка на легислатива - АПЛ

Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси - ЗСКСИ

# Библиографија

Државната комисија за спречување на корупцијата, Република Северна Македонија, Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 година, јуни 2020. Пристапено на: https://www.dksk.mk/fileadmin/user_upload/2020/Godishen_izveshta___za_rabotata_na_DKSK_-_2019.pdf (последна посета: 10 јули).

Државниот завод за статистика, Република Северна Македонија, Класификација на функциите на Владата, http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/KlasifikacijaFunkciiVlada.pdf (последна посета: 10 јули).

Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, „Службен весник на Република Северна Македонија" : 12/2019

Илиевска, И. (2019). „Прв извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата".  Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје. <https://idscs.org.mk>

Илиевска, И. (2020). „Втор извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата".  Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје. <https://idscs.org.mk>

Kocevski, G. (2019). „Towards accountable and transparent public administration by means of functional oversight institutions". Foundation Open Society – Macedonia. < https://fosm.mk/mk/Home/Publication?newsID=12800&catID=9&pageIndex=1>

Одлуките на Државната комисија за спречување корупција се достапни на следниот линк: <https://www.dksk.mk/index.php?id=113>.



ПЛАТФОРМА
на граѓански организации
за борба против корупцијата

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА